# DEVELOPMENT OF SPA TOURISM IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA OVER THE YEARS

**Evgenija Markovska**
"Goce Delchev" University - Shtip, Republic of North Macedonia, Evgenija.31725@ugd.edu.mk
**Julijana Sazdova**
"Goce Delchev" University - Shtip, Republic of North Macedonia, Julijana.sazdova@ugd.edu.mk

**Abstract:** The use of thermal waters for medical purposes has been known since ancient Greek and Roman times. In Republic of North Macedonia, archaeological research shows that thermal waters for bathing were first used by the Romans and later by the Turks. But, the baths that we have today were built between 1960 and 1980. While many countries in Europe have a constant increase in spa tourists and every year they modernize the spas and increase the spa facilities, this is not the case with our country. This can be observed in the researched 15-year period in which there are years of development and years of decline of spa tourism in the country. Purpose: The purpose of this paper is to see how spa tourism has changed in the Republic of North Macedonia over the years, covering a 15-year period. In this case are presented all the ups and downs in the number of spa tourists and the number of overnight stays, as well as the number of rooms and beds in the spas for the period from 2008 to 2022. Methodology: For the purposes of this research, several methods were used, including: the analysis method, the descriptive method, the compilation method, the comparison method, and the historical method. The statistical data were collected from the database of the State Statistics Office of the Republic of North Macedonia and they are presented in tabular and graphical form. Results:Spa tourism in the Republic of North Macedonia is very poorly developed. The number of rooms in the spas reached its maximum in 2010 (538 rooms in total), and the largest number of beds were in 2015 and 2016 (1296 in total). In 2018, there is a sharp drop in the number of rooms and beds, which from 529 rooms and 1267 beds in 2017 drops to 242 rooms and only 518 beds in total in all baths in the country. Regarding the number of visitors, the largest number of visitors were in 2022, 32 792 in total, which represents 6 125 more visitors than the average, i.e. an increase of 18,7%, and the lowest number of visitors were in 2020 (12,876 in total). When considering the number of overnight stays, it can be noted that the highest number of overnight stays were in 2017 (245 374 overnight stays), with the lowest number of overnight stays in 2020 (90 805 in total), which represents a decrease of 45,6% compared to the average number of overnight stays. Conclusions: In the researched period from 2008 to 2022, spa tourism in the Republic of North Macedonia doesn't have a constant development, but records ups and downs over the years. The lowest number of visitors and overnight stays were in 2018 with a total of 12 876 visitors, i.e. 90 805 overnight stays. The number of visitors shows a significant increase in 2022, a total of 32 796 visitors, including foreign, domestic and one-day visits to the spas, and reaches its maximum for the investigated 15-year period.
**Keywords:** thermal waters, spa tourism, spa facilities, tourists

# РАЗВОЈ НА БАЊСКИОТ ТУРИЗАМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МЕКЕДОНИЈА НИЗ ГОДИНИТЕ

**Евгенија Марковска**
Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Република Северна Македонија, Evgenija.31723@ugd.edu.mk
**Јулијана Саздова**
Универзитет Гоце Делчев -Штип, Република Северна Македонија, Julijana.sazdova@ugd.edu.mk

**Резиме:** Употребата на термални води за медицински намени била позната уште од античко грчко и римско време. Во Р.С.Македонија, археолошките истражувања покажуваат дека термални води за капење прво користеле Римјаните, а подоцна и Турците. Но, бањите кои ги имаме денес биле изградени во периодот помеѓу 1960 и 1980 година. Додека многу држави во Европа бележат постојан пораст на бањските туристи и секоја година ги модернизираат бањите и зголемуваат бањските капацитети, тоа не е случај и со нашата држава. Тоа може да се забележи во истражуваниот 15 годишен период во кои има години на развој и години на пад на бањскиот туризам во државата. Цел на трудот: Целта на овој труд е да се види како се менувал бањскиот туризам во Р.С.Македонија низ годините опфајќајќи 15 годишен период. Во овој случај се претставени сите издигнувања и падови во бројот на бањските туристи и бројот на ноќевања, како и бројот на соби и легла во бањите за периодот од 2008 до 2022 година. Материјали и методи: За потребите на ова

истражување се употребени повеќе методи меѓу кои: методот на анализа, дескриптивен метод, методот на компилација, методот на компарација и историска метода. Статистичките податоци се добиени од базата на државиот завод за статистика на Република С.Македонија и се претставени табеларно и графички. Резултати од истражувањето: Бањскиот туризам во Р.С.Македонија е многу слабо развиен. Бројот на соби во бањите го достигнува својот максимум во 2010 година (вкупно 538 соби), а најголем број на легла имало во 2015 и 2016 година (вкупно 1296). Во 2018 година доаѓа до нагол пад на бројот на соби и легла, кој од 529 соби и 1267 легла во 2017 година се спушта на 242 соби и само 518 легла вкупно во сите бањи во државата. Во врска со бројот на посетители, наголем број на посетители имало во 2022 година вкупно 32 792, што претставува 6125 повеќе посетители од просекот, односно пораст од 18,7%, а најмал број на посетители во 2020 година (вкупно 12 876). Кога ќе се разгледа бројот на ноќевања може да се забележи дека најголем број на ноќевања имало во 2017 година (вкупно 245 374 ноќевања), со најмал број на ноќевања во 2020 година (вкупно 90 805) што претставува намалување за 45,6% во однос на просечниот број ноќевања. Заклучоци: Во истражуваниот период од 2008 до 2022 година бањскиот туризам во Р.С.Македонија нема постојан развој, туку бележи падови и издигувања низ годините. Најмал број на посетители и ноќевања бележи во 2018 година со вкупно 12 876 посетители, односно 90 805 ноќевања. Бројот на посетители бележи значителен пораст во 2022 година, вкупно 32 796 посетители, опфајќајќи ги странските, домашните и еднодневните посети во бањите и го достигнува својот максимум за истражуваниот 15 годишен период.
**Клучни зборови:** термални води, бањски туризам, бањски капацитети, туристи

## 1. ВОВЕД

Еден од првите пишани извештаи дека капењето се користело како лекувачки процес, а не како ритуал за хигиена, бил античкиот грчки филозоф Хипократ, кој бил жив помеѓу 460 и 370 година п.н.е.(Smith and Puczko, 2009). Хипократ предложил дека причината за сите заболувања е нерамнотежата на телесните течности и се залагал дека „патот до здравјето е да се има ароматична бања и миризлива масажа секој ден". Овој процес, со користење на капење како третман на болести е познат како балнеотерапија и се смета за основачки принцип на бањското одење. "Златната доба" за бањите за поголемиот дел од Европа бил 18 и 19 век кога станаа модерни за "високото општество" и биле користени од богатите. Особено во Централна Европа лековитите функции на бањите станаа се поочигледни, нагласувајќи ја нивната лековита функција и нивно комбинирање во патнички пакети на медицински прегледи со рекреација и релаксација. На глобално ниво денес стотици природни топли извори привлекуваат милиони годишни посетители (John Connell,2010). Во Р.С.Македонија, археолошките истражувања покажуваат дека термални води за капење прво користеле Римјаните, а подоцна и Турците, но бањите кои ги имаме денес биле изградени во периодот помеѓу 1960 и 1980 година. Бројот на бањи во Р.С.Македонија е мал (имајќи предвид дека постојат над 60 извори на минерална вода во државата), но за мала држава и тоа може да биде добар бизнис доколку правилно се раководи. Додека многу држави во Европа бележат постојан пораст на бањските туристи и секоја година ги модернизираат бањите и зголемуваат бањските капацитети (како на пример Унгарија и Словенија), тоа не е случај и со нашата држава. Тоа може да се забележи во истражуваниот 15 годишен период во кои има години на развој и години на пад на бањскиот туризам во државата.

## 2. МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ

За потребите на ова истражување се употребени повеќе методи меѓу кои: методот на анализа, дескриптивен метод, методот на компилација, методот на компарација и историска метода.
-анализата е извршена врз основа на предходно проучувана содржина, односно со користење на сите достапни материјали како: книги, on- line бази на податоци, извештаи, списанија и сите други објавени материјали,
-методот на компилација ги претставува сите превземени туѓи мисли/цитати и искази поврзани со научно истражувачката работа,
-методот на компарација се врши така што е направена споредба на бројот на соби, легла, бројот на туристи и ноќевања во бањите низ годините,
-историската метода ни го прикажува развојот на бањскиот туризам низ годините.
Стратистичките податоци се добиени од базата на државиот завод за статистика на Република С.Македонија и истите се претставени табеларно и графички.

## 3. РЕЗУЛТАТИ

Табела 1 ги прикажува промените во бројот на соби и легла за сите бањи во Р.С.Македонија за периодот од 2008 до 2022 година.

***Табела 1. Број на соби и легла во бањите во Р.С.Македонија***

| Година | Соби | Легла |
|---|---|---|
| 2008 | 412 | 1 089 |
| 2009 | 418 | 1 091 |
| 2010 | 538 | 1 217 |
| 2011 | 533 | 1 217 |
| 2012 | 533 | 1 217 |
| 2013 | 533 | 1 217 |
| 2014 | 530 | 1 289 |
| 2015 | 531 | 1 296 |
| 2016 | 531 | 1 296 |
| 2017 | 529 | 1 267 |
| 2018 | 242 | 518 |
| 2019 | 242 | 518 |
| 2020 | 242 | 518 |
| 2021 | 244 | 518 |
| 2022 | 244 | 518 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија

Табела 2 ни ги покажува промените во бројот на посетители и бројот на ноќевања во бањите во Р.С.Македонија за периодот од 2008 до 2022 година.

***Табела 2. Број на посетители и ноќевања во бањите во Р.С.Македонија***

| Година | Посетители | Ноќевања |
|---|---|---|
| 2008 | 22 965 | 137 166 |
| 2009 | 21 369 | 134 840 |
| 2010 | 28 574 | 216 526 |
| 2011 | 27 441 | 220 640 |
| 2012 | 27 430 | 216 516 |
| 2013 | 28 405 | 222 362 |
| 2014 | 29 532 | 224 374 |
| 2015 | 29 169 | 215 541 |
| 2016 | 28 276 | 227 919 |
| 2017 | 32 189 | 245 074 |
| 2018 | 31 244 | 237 551 |
| 2019 | 27 647 | 220 749 |
| 2020 | 12 876 | 90 805 |
| 2021 | 20 104 | 145 286 |
| 2022 | 32 792 | 208 252 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија

За поголема прегледност истите податоци се претставени и линеарно во графикон број 1 каде што можат да се забележат варијациите низ годините.

***Графикон 1. Број на посетители и ноќевања во бањите во Р.С.Македонија***




Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија

**4. ДИСКУСИЈА**

Од добиените податоци многу јасно може да се забележи дека бањскиот туризам во Р.С.Македонија е многу слабо развиен. Почнувајќи од 2008 година па се до 2017 година бројот на соби и легла во бањите бил прилично без големи варијации дотигнувајќи го својот максимум на соби во 2010 година (вкупно 538 соби), а најголем број на легла имало во 2015 и 2016 година (вкупно 1296). Во 2018 година доаѓа до нагол пад на бројот на соби и легла, кој од 529 соби и 1267 легла во 2017 година се спушта на 242 соби и само 518 легла вкупно во сите бањи во државата. Може да се забележи и во наредните години нема значаен пораст во бројот на соби и легла, според последните информации од државниот завод за статистика во 2022 година вкупниот број на соби изнесува 244 и исто 518 легла. Во врска со бројот на посетители (во коишто спаѓаат домашните, странските како и дневните посети во бањите), годишен просек за овој 15 годишен период е по 26 667 посетители годишно. Наголем број на посетители имало во 2022 година вкупно 32 792, што претставува 6 125 повеќе посетители од просекот, односно пораст од 18,7%. Најмал број на посетители имало во 2020 година (вкупно 12 876), што претставува намалување за 53,43% во однос на 2019 година кога имало вкупно 27 647 посетители. Кога ќе се разгледа бројот на ноќевања просечната вредност изнесува 166 870 ноќевања годишно. При тоа, најголем број на ноќевања имало во 2017 година (вкупно 245 374 ноќевања), со најмал број на ноќевања во 2020 година (вкупно 90 805), што претставува намалување за 45,6% во однос на просечниот број ноќевања, односно намалување за 77,8% во однос на 2017 година кога имало 245 374 ноќевања. Причината за нискиот број на посетители и ноќевања во 2020 година се должи на Ковид пандемијата која го зафати светот. Во следните години бројот на ноќевања бележи постојан пораст достигнувајќи 208 252 ноќевања во 2022 година.

**5. ЗАКЛУЧОК**

Во истражуваниот период од 2008 до 2022 година бањскиот туризам во Р.С.Македонија нема постојан развој, туку бележи падови и издигувања низ годините.

Најголем број на соби во бањските објекти имало во 2010 година, вкупно 538, а најголем број на легла во 2015 и 2016 година, вкупно 1296.

Од 2018 година има значително намалување на бројот на соби и легла во бањите, достигнувајќи до 242 соби и 518 легла.

Најмал број на посетители и ноќевања бележи во 2020 година со вкупно 12 876 посетители, односно 90 805 ноќевања.

Најголем број на посетители имало во 2022 година, вкупно 32 796 посетители, опфајќајќи ги странските, домашните и еднодневните посети во бањите.

Најголем број на ноќевања во бањите имало во 2017 година, 245 074 ноќевања.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Apostolovska Toshevska, B., Madjevikj, M., & Ljakoska, M. (2020). Spas as a Potential for the Sustainable Functional Development—A Case Study of the East Region in the Republic of North Macedonia. Smart Geography: 100 Years of the Bulgarian Geographical Society, 247-261.

Choudhary, B., & Qadir, A. (2021). Impact of COVID-19 on wellness and spa industry. International Journal of Spa and Wellness, 4(2-3), 193-203.

Cingoski, V., & Petrevska, B. (2021). Geothermal resources: New insights for spa tourism in North Macedonia.

Connell J., (2010) Health and medical tourism, Wallingford: CABI

Lapointe, D. (2020). Reconnecting tourism after COVID-19: The paradox of alterity in tourism areas. Tourism Geographies, 22(3), 633-638.

Mueller, H & Kaufman, E.L. (2001). Wellness tourism: Market analysis of special health tourism segment and implications for the hotelindustry. Journal of Vacation Marketing, 7, 15-17

Nakovski, D., Milenkovski, A., & Gjorgievski, M. (2016). Analysis of tourism indicators in function of tourist offer enrichment in Mecedonia. UTMS Journal of Economics, 7(1), 97-108.

Smith, M. and Puczko, L. (2009) Health and Wellness Tourism. Elsevier, USA

Smith, M., & Wallace, M. (2019). An analysis of key issues in spa management: Viewpoints from international industry professionals. International Journal of Spa and Wellness, 2(3), 119-134.

Thal, K. I., Smith, S. L., & George, B. (2021). Wellness tourism competences for curriculum development: a Delphi study. Journal of Teaching in Travel & Tourism, 21(3), 205-220.

Tsiftelidou, S., & Christodoulou, A. C. (2019). The semiotic history of thermal springs and their contribution to tourism development. In Smart Tourism as a Driver for Culture and Sustainability: Fifth International Conference IACuDiT, Athens 2018 (pp. 249-260). Springer International Publishing.

Weisz, G. (2011). Historical reflections on medical travel. Anthropology and Medicine, 18(1), 137-144.